РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-3068/1
21.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 56 став 7 од истиот Закон, согласно член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-3005/6 од 21.07.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 5-та седница одржана на 21.07.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори)

### Член 1
### Предмет на Правилникот

Со овој Правилник се уредуваат формата и содржината на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни услуги по барање („Пријава"); и начинот на кој ќе се одлучува кое физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Член 2
### Дефиниции

(1) Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. Давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга по барање е физичко или правно лице кое врши дејност на обезбедување на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга по барање и има уредничка одговорност за изборот на аудио или аудиовизуелната содржина и го определува начинот на кој тие се организирани во каталогот. Лице кое врши само пренос, односно дистрибуција на аудио и/или аудиовизуелни програми за кои уредничката

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

одговорност ја имаат трети лица, не се смета за давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга;

2. Аудио или аудиовизуелна медиумска услуга е: 1. услуга под уредувачка одговорност на давател на медиумска услуга, при што основната цел на услугата или на нејзин засебен дел е посветена на обезбедување програми наменети за општата јавност, со цел да информира, забавува или да образува преку електронски комуникациски мрежи во смисла на дефинициите од Законот со кој се уредуваат електронските комуникации, при што таквата услуга може да биде линеарна аудио или аудиовизуелна медиумска услуга (радио или телевизиска програма), аудиовизуелна медиумска услуга по барање; или 2. аудио или аудиовизуелна комерцијална комуникација.

За аудио или аудиовизуелни медиумски услуги не се сметаат: а) услуги што, пред сè, се нестопански и што не се во конкуренција со радио или телевизиско емитување, какви што се приватните веб-страници; б) услуга на пренос, односно дистрибуција на програми за кои уредничката одговорност ја имаат трети лица; в) каква било форма на приватна комуникација, како што е електронска пошта испратена до ограничен број примачи и г) услуги, чијашто примарна цел не е обезбедувањето програми, т.е. каде што секоја аудиовизуелна содржина е само случајна за услугата и не е нејзина примарна цел, како што се: интернет-страници што содржат аудиовизуелни елементи само на помошен начин, како што се анимирани графички елементи, куси рекламни спотови или информации поврзани со некој производ или услуга која не е аудиовизуелна; игрите на среќа што вклучуваат паричен влог, вклучително и лотарии, обложување и други форми на услуги за коцкање; онлајн игри; пребарувачи; електронски верзии на весници и магазини; и самостојни текстуално базирани услуги.

3. Аудиовизуелна медиумска услуга по барање е нелинеарна медиумска услуга која ја обезбедува давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање и со која се обезбедува гледање програми во момент одбран од корисникот и на негово лично барање врз основа на каталог на програми утврден од страна на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање.

4. Уредничка одговорност значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во каталогот на програми.

5. Уредничка одлука е секоја одлука што се носи на редовна основа, со цел да се оствари уредничка одговорност, поврзана со секојдневното работење на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга.

6. Каталог е распоред на аудиовизуелни медиумски содржини во база на податоци на начин на кој тие се достапни за корисниците.

7. Услуга платформа за споделување видеа е услуга на информациското општество, којашто е наменета за општата јавност и се обезбедува преку електронска комуникациска мрежа, чија примарна цел и/или основна функционалност во целост и/или на нејзин засебен дел е да ѝ обезбедува на јавноста пристап до програми и/или до видеа создадени од корисници кои имаат информативна, образовна или забавна функција, за која давателот

на услугата нема уредничка одговорност за содржините, туку тој само го одредува начинот на кој услугата е организирана, вклучувајќи тука и автоматски средства или алгоритми, особено преку прикажување, означување или секвенцирање на содржината.

## I. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Член 3
### Обврска за евидентирање

(1) Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен пред да започне со обезбедување на одреден вид аудиовизуелна медиумска услуга по барање да достави пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата му издава потврда за регистрација.

### Член 4
### Форма и содржина на Пријавата

(1) Пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се поднесува во Агенцијата на Образецот приложен кон овој правилник како Прилог I.

(2) Пријавата треба да содржи податоци за:

- името и презимето на лицето кое е давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
- начинот на кој се обезбедува услугата;
- подрачјето на кое се врши дејноста;
- видот на услугата и краток опис на истата и
- датумот на започнување со обезбедување на услугата.

(3) Со пријавата задолжително се доставува технички опис со детални технички карактеристики за начинот на кој ќе се обезбедува услугата.

(4) Агенцијата ќе ги користи доставените податоци само за потребата за којашто ги собира, согласно „Законот за заштита на личните податоци“.

## II. ОДРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КАКО ДАВАТЕЛ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Член 5
### Критериуми

За едно физичко лице да се смета за давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсер/влогер/креатор) во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, мора да бидат исполнети сите критериуми наведени подолу:

1. Медиумската услуга се нуди преку електронска комуникациска мрежа (интернет) и на платформа за споделување видеа како на пример, но не ограничувајќи се на, YouTube, Instagram, TikTok или слични платформи за споделување видеа.

2. Медиумската услуга е економска услуга, односно услуга која претставува која било форма на економска активност што на пазарот се натпреварува со други услуги.

3. Основна цел на медиумската услуга или на некој нејзин засебен дел е обезбедување програми со цел да информира, забавува или да образува

4. Медиумската услуга е под уредувачка одговорност на давателот.

5. Медиумската услуга е посветена на обезбедување програми наменети за општата јавност. Во смисла на овој Правилник се смета дека услугата е наменета за пошироката јавност доколку истата има најмалку 10.000 следбеници или претплатници.

6. Медиумската услуга обезбедува гледање програми во момент одбран од корисникот и на негово/нејзино лично барање врз основа на каталог со програми утврден од страна на давателот на медиумската услуга, и во последните 12 месеци се објавени најмалку 24 аудиовизуелни содржини.

(1) При одредувањето дали одредено физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсер/влогер/креатор), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги има предвид исклучоците наведени во член 3 став 1 точка 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со тоа што не се смета за аудио или аудиовизуелна медиумска услуга.

(2) Критериумите наведени во овој член од Правилникот, се детално разработени во Насоките кои се во прилог на овој Правилник (Прилог бр.2) и се негов составен дел.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсер/влогер/креатор) кој пред стапување во сила на овој Правилник веќе обезбедувал одреден вид аудиовизуелна медиумска услуга по барање и при тоа ги исполнува критериумите наведени во член 5 од истиот, е должен најдоцна до 31.12.2025 година да достави пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата ќе му издаде потврда за регистрација.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

____________________

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**

ПРИЛОГ I

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Палата Панко Брашнаров,**
**ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**
**Тел: +389 23 103 400**
**Факс: +389 23 103 401**
**e-mail: contact@avmu.mk**

(приемен печат на АВМУ)

**ПРИЈАВА**
**за евидентирање во регистарот**
**на физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**
**(инфлуенсери/влогери/креатори)**

## 1 ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |
| Електронска адреса | |
| Телефон за контакт | |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛУГАТА

| | |
|---|---|
| Назив на услугата<br>(назив на профилот, каналот) | |
| URL адреса | |
| Подрачје на обезбедување на услугата | |
| Платформа преку која се обезбедува услугата<br>(наведете ги сите платформи на кои имате повеќе од 10.000 следбеници/претплатници/корисници) | |
| Вид на услуга и краток опис<br><br>Жанровски – (општ формат или специјализиран – за готвење, патувања, спорт, и друго)<br><br>Целна публика (возрасна категорија – до 25 години, од 25 до 44 години и над 44 години) | |
| Начин и технички опис на начинот на кој се обезбедува услугата<br><br>Интернет – (отворен пристап или со претплата) | |
| Датум на започнување со обезбедување на услугата | |
| Број на следбеници/ претплатници/ корисници на денот пред поднесување на пријавата | |

## 3. ПРИЛОГ КОН ПРИЈАВАТА:

3.1. Нотарски заверена изјава со која подносителот потврдува дека податоците во пријавата се точни.

# ИЗЈАВА

Јас ________________________________, од ________________, со број на лична карта _____________, и матичен број ______________________, издадена од МВР _______________, со постојано живеалиште во ____________________, на улица_____________________________________, број ___________, изјавувам дека податоците и другите информации содржани во оваа пријава се вистинити, точни и целосни заклучно со датумот на пополнување на истата.

Во________________

Дата________________

________________________

**(потпис)**

ПРИЛОГ II

## НАСОКИ

**во врска со критериумите што физичките лица треба да ги исполнат за да се смета дека се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори) во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Со следниве Насоки дополнително се разработуваат критериумите утврдени во глава II од Правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање **(инфлуенсери/влогери/креатори)** .

Исполнувањето на утврдените критериуми ќе значи дека услугата претставува „аудиовизуелна медиумска услуга по барање“, а со тоа и дека подлежи на релевантните законски обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст „ЗААВМУ“).

При утврдувањето на критериумите земени се предвид не само законските дефиниции и одредби на ЗААВМУ туку и релевантната правна рамка на Европската Унија, односно одредбите од Директивата 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2010 година за координација на одредени одредби утврдени со закон, други прописи или административни дејствија во земјите-членки во врска со давањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги) (во натамошниот текст „Директива“), изменета со Директивата (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година.

Во првиот рецитал од Директивата е посочено дека „технолошкиот развој овозможи да се појават нови видови услуги и кориснички искуства. Гледачките навики, особено оние на помладите генерации, значително се променија. ... новите видови на содржини, како што се видео клиповите или содржини генерирани од корисниците, добија сè поголемо значење, а новите субјекти, вклучувајќи ги тука и давателите на услуги за видео по барање и платформите за споделување видеа, веќе се добро етаблирани. Оваа конвергенција на медиумите бара ажурирана правна рамка со цел да го одрази развојот на настани на пазарот и да се постигне рамнотежа помеѓу пристапот до услуги за интернет содржини, заштитата на потрошувачите и конкурентноста“.

Согласно Директивата, аудиовизуелна медиумска услуга значи *„услуга, како што е дефинирана со членовите 56 и 57 од Договорот за функционирање на Европската унија, каде што главната цел на услугата или целта на некој нејзин одвоив дел е посветена на обезбедување програми на пошироката јавност, под уредничка одговорност на давател на медиумски услуги, со цел нејзино информирање, забава или образување, преку електронски комуникациски мрежи, во смисла на точка (а) од член 2 од*

*Директивата 2002/21/ЕЗ; таквата аудиовизуелна медиумска услуга е или телевизиско емитување според дефиницијата од точката (д) на овој став, или аудиовизуелна медиумска услуга по барање, како што е дефинирана во точка (е) од овој став".*

Критериумите утврдени во чл. 5 од Правилникот се применуваат само кумулативно. Значи, само оние аудиовизуелни медиумски услуги по барање обезбедени од физичко лице што ги исполнуваат сите критериуми од чл. 5 од Правилникот ги стекнуваат законските и финансиските обврски за аудиовизуелна медиумска услуга по барање според ЗААВМУ. Таквите даватели поднесуваат барање за упис во Регистарот на аудиовизуелни медиуми по барање што го води Агенцијата согласно чл. 56 од ЗААВМУ и плаќаат годишен надоместок за надзор согласно чл. 59 од ЗААВМУ.

Исто така, треба да се напомене дека, со текот на времето, медиумските услуги може да претрпат значителни промени, на пример во однос на поставеноста, досегот или влијанието. Затоа, медиумските услуги може повремено да се ревидираат и може, дури и по претходна инаква одлука од страна на Агенцијата, да влезат во опсегот на примена на ЗААВМУ поради сменети околности (на пр. поради значително зголемување на бројот на следбеници или претплатници).

| |
|---|
| **КРИТЕРИУМ 1:** Медиумската услуга се нуди на платформа за споделување видеа како на пример, но не ограничувајќи се на YouTube, Instagram, TikTok или слични платформи за споделување видеа |

Изразот „платформа за споделување видеа" се толкува во согласност со ЗААВМУ. За да биде појасно, чл.5 ст. 1 бр. 1 од Правилникот како пример именува три платформи за споделување видеа кои се од особено практично значење. Овие три платформи се YouTube, Instagram и TikTok. Од актуелна гледна точка, медиумските услуги кои се даваат на овие три платформи може да се сметаат за најголеми и општествено најрелевантни играчи на пазарот. Следствено, Агенцијата барем засега се фокусира на давателите на услуги на YouTube, Instagram и TikTok. Така, секоја медиумска услуга што се нуди на една од овие три платформи и ги исполнува сите други критериуми утврдени во чл. 5 од Правилникот, се смета за аудиовизуелна медиумска услуга по барање во смисла на ЗААВМУ и е предмет на надзор на Агенцијата. Меѓутоа, мора да се нагласи дека една медиумската услуга која се дава на некоја друга платформа за споделување видеа а не YouTube, Instagram или TikTok, сепак може да подлежи на регулирање од страна на Агенцијата.

**КРИТЕРИУМ 2:** Медиумската услуга е економска услуга, односно услуга која претставува која било форма на економска активност што на пазарот се натпреварува со други услуги

Овој критериум произлегува од чл. 1 (а) од Директивата, каде што според дефиницијата поимот „аудиовизуелна медиумска услуга" се однесува на услуга како што е дефинирано во чл. 56 и чл. 57 од Договорот за функционирање на Европската унија (во понатамошниот текст: „ДФЕУ"). Конкретно, чл. 57 од ДФЕУ дефинира дека се вклучени само услуги кои вообичаено се даваат заради надомест. Од таа причина, во чл. 5 од Правилникот се наведува дека односната медиумска услуга по правило мора да се дава за надомест, независно дали за услугата плаќаат гледачите или пак трети страни.

Поимот 'економска услуга' општо треба да се толкува во широка смисла. Конкретно, не постои некој финансиски праг како на пр. финансиски минимален промет или општ приход. За да се утврди дали медиумската услуга треба да се смета за економска услуга во рамките на горенаведеното значење, мора да се земат предвид особено следниве аспекти:

Прво, небитно е дали надоместот го даваат лицата кои ги гледаат содржините што ги пружа медиумската услуга или истиот доаѓа од трети лица. Ова значи дека на пр. давателите на услуги кои генерираат приход со вметнување реклами или спонзорства, пласирање производи или други комерцијални комуникации во или околу нивните медиумски содржини, пружаат економска услуга еднакво како и давателите на услуги чии медиумски содржини се достапни со плаќање.

Односниот надомест честопати ќе се состои од плаќање во готово. Таквите плаќања може да произлезат од впаричувањето на дадената содржина преку на пр. реклами, пласирање производи, спонзорски зделки, партнерски маркетинг или приход од платформата, како на пример провизии кои давателот може да ги добива како надомест за користењето на рекламните функции кои ги пружа платформата. Меѓутоа, терминот 'надомест' опфаќа и други облици на материјални придобивки што претставуваат вредност во трговијата. Ова ги вклучува надоместоците добиени во натура, на пр. бесплатни производи или услуги добиени во замена за споменување во некое видео.

**КРИТЕРИУМ 3:** Основна цел на медиумската услуга или на некој нејзин засебен дел е обезбедување програми со цел да информира, забавува или да образува

Овој критериум значи дека давањето аудиовизуелни медиумски содржини треба да биде главната цел или барем да има квалитативно јасна и независна функција и значење. Генерално, основната цел на соодветната медиумска услуга мора да се оценува од случај до случај. Поконкретно, за потребната проценка ќе се земаат предвид следните аспекти:

Прво, неопходно е односната медиумска услуга да се користи за обезбедување достапност на аудиовизуелни медиумски содржини. Ова значи дека медиумските услуги кои содржат

исклучиво содржини кои не се аудиовизуелни, како на пример фотографии, исклучиво текстуални или аудио содржини, не го исполнуваат критериумот за основна цел.

Освен ова, аудиовизуелните медиумски содржини на (давател на) аудиовизуелна медиумска услуга по барање мора да ѝ служат на основната цел да информираат, забават или едуцираат. Ова не се однесува на медиумските услуги кои даваат исклучиво рекламни или други содржини за промовирање на сопствени производи или услуги. Дури и ако таквата содржина може да информира, забавува или едуцира, содржината во овие случаи се дава првенствено за комерцијални цели. Ситуацијата е поинаква во случаите во кои давателите на услуги не само што вклучуваат реклами или други видео записи поврзани со сопствените активности, туку ставаат на располагање и други различни медиумски содржини. Сепак, важно е да се нагласи дека аудиовизуелните комерцијални комуникации – како што се рекламирањето, спонзорирањето или пласирањето производи, сепак се квалификуваат како аудиовизуелни медиумски услуги. Тоа значи дека давателите на услуги кои се на пр. спонзорирани при креирањето видеа или кои вклучуваат реклами во своите видео записи, пружаат релевантна аудиовизуелна медиумска услуга дури и ако комерцијалниот аспект е можеби доминантниот елемент.

**КРИТЕРИУМ 4:** Медиумската услуга е под уредувачка одговорност на давателот

Уредничка одговорност значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во каталогот на програми. Давателот на медиумската услуга мора да спроведува ефективна контрола врз изборот на содржините и организацијата на аудиовизуелните медиумски содржини.

Важно е да се напомене дека мора да се прави разлика помеѓу уредничка одговорност и, посебно, правна одговорност. Ако трето лице, како што е давател на услуга платформа за споделување видеа, добие можност да одбие или да отстрани некоја медиумска содржина создадена од други затоа што се крши на пример казненото право или законот за авторското право и сродните права, тоа не значи дека таквото трето лице, на тој начин ќе сноси и уредничка одговорност. Уредничката одговорност мора конкретно да ги зема предвид изборот на аудиовизуелните медиумски содржини и нивната организација во каталог преку кој стануваат достапни за јавноста.

Со критериумот за уредничка одговорност се исклучуваат оние даватели на услуги кои само пренесуваат програми за кои уредничка одговорност имаат трети страни. Во овој контекст, мора да се напомене дека давателите на платформи за споделување видеа обично не сносат уредничка одговорност за аудиовизуелните медиумски содржини на нивните платформи, а со тоа ниту за видеата што ги генерираат корисниците на нивните платформи. Како последица на тоа, давателите на платформи за споделување видеа обично не се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во смисла на чл. 5 од Правилникот. Сепак, состојбата може да се промени ако, на пример, давателот на платформа за споделување видеа склучува договори со давателите на содржини за

испорака на одредени содржини. Во таков случај, давателот на платформа за споделување видеа може да игра уредничка улога и може да се квалификува како давател на аудиовизуелна медиумска услуга.

Инаку, платформите имаат свои законски обврски во поглед на мерките што треба да ги преземат за да ги заштитат малолетниците и јавноста воопшто од штетни содржини кои треба да бидат составен дел од нивните услови за користење на услугата (terms of service). Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање мора да се запознаат со ваквите мерки и соодветно да ги применуваат во својата работа.

**КРИТЕРИУМ 5:** Медиумската услуга е посветена на обезбедување програми наменети за општата јавност

Овој критериум значи дека услугата е наменета за прием од страна на општата јавност и дека таа може да има јасно влијание врз значителен дел од општата јавност.
Во таа смисла, мора да се напомене дека платформите за споделување видеа обично се бесплатно достапни за јавноста. Ова значи дека аудиовизуелните медиумски услуги по барање што се даваат на таква платформа обично целат кон пошироката јавност и со тоа ја исполнуваат горенаведената одредба. Меѓутоа, може да постојат околности во кои една медиумска услуга е достапна само за ограничена група луѓе (на пр. поради поставките за приватност на односната сметка/профил на платформата за споделување видеа). Во такви случаи, медиумската услуга може да не е наменета за прием од страна на пошироката јавност. Меѓутоа, во рамките на потребната проценка мора да се земе предвид бројот на следбеници или претплатници на медиумската услуга. Без оглед на таквите поставки, барем медиумските услуги кои имаат повеќе следбеници или претплатници од прагот дефиниран подолу се сметаат дека се наменети за прием од страна на пошироката јавност.

Со цел да се процени дали една медиумска услуга има јасно влијание врз значителен дел од пошироката јавност, бројот на следбеници или претплатници на медиумска услуга се смета за најзначаен показател. Општо земено, бројот на следбеници или претплатници може да даде веродостојна индикација за потенцијалниот досег и влијание на една медиумска услуга и обично него го дава самата платформа. Ова ја прави транспарентна и лесно проверлива и за Агенцијата и за давателите на услуги, што е квалитет кој другите можни критериуми го немаат (на пр., просечниот број на (единствени) прегледи или ангажираност на корисниците) поради отсуство на веродостојни, недвосмислени и лесно достапни податоци. Оттука, согласно чл. 5 од Правилникот се смета дека медиумската услуга е наменета за давање програми за пошироката јавност доколку истата има најмалку 10 000 следбеници или претплатници. Тоа значи дека барем медиумските услуги што го надминуваат овој праг на следбеници или претплатници подлежат на законските обврски на ЗААВМУ и потпаѓаат под надзор на Агенцијата.

Засега, гореспоменатиот праг на следбеници или претплатници се смета за доволен за да се утврди дали една медиумска услуга е наменета за пружање програми за пошироката јавност. Сепак, Агенцијата континуирано ќе го оценува овој праг.

**КРИТЕРИУМ 6:** Медиумската услуга обезбедува гледање програми во момент одбран од корисникот и на негово/нејзино лично барање врз основа на каталог со програми утврден од страна на давателот на медиумската услуга

Она што е суштинско за овој критериум се средствата преку кои се испорачува услугата, а не начините на плаќање или на избор на услугата. Овој критериум, произлегува од дефиницијата на аудиовизуелните медиумски услуги по барање утврдена во членот 1 од Директивата и подразбира исполнување на два подкритериуми, односно услугата да може да се користи: 1. во време избрано од корисникот, и 2. од каталог на програми избрани од страна на давателот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие две карактеристики (кој одлучува за времето во коешто програмата ќе се гледа и дали корисниците ја избираат програмата од претходно изработен каталог на програми), всушност ја претставуваат основната (највидливата) разлика помеѓу аудиовизуелните медиумски услуги по барање и линеарното телевизиско емитување. Овој критериум се однесува и на фреквенцијата на обезбедување медиумски содржини, поточно во последните 12 месеци да се објавени повеќе од 24 аудиовизуелни содржини.

### Дали треба да поднесете пријава во Агенцијата:




***Доколку и понатаму не сте сигурни дали вашата услуга ги исполнува критериумите од овој Правилник, можете да ја консултирате АВМУ на contact@avmu.mk***